РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-686/4
10.06.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-686/1 од 14.05.2025 година (број на постапка 71496) за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.4560/3 КО Герман, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 32/2020, 11/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25) донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.4560/3 КО Герман, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.4560/3, КО Герман, Општина Ранковце со тех.број 05/25 од мај 2025 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС" ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0016.

О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, број на постапка 71496, заведено под број 22-686/1 од 14.05.2025 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.4560/3 КО Герман, Општина Ранковце со тех.број 05/25 од мај 2025 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог за одобрување на проектната програма бр. 22-686/3 од 03.06.2025 година од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр. 08-1128/1 од 09.10.2024 година, извршиувид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно заверено кај нотар Дарко Стојкоски во Скопје под број УЗП 2994/2025 од 18.02.2025 година.
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр. 4560/3 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 05/25 од мај 2025 година.

3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 14/3-25 од 18.03.2025 година, изработен од ДПТИУК „Цветковски Консалтинг“ ДООЕЛ Скопје.
4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр.1110-3/2025 од 18.03.2025 година.
5. Услови за планирање на просторот за изработка на со тех.број Y14625 од април 2025 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр.15 1825/2 од 08.05.2025 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 32/2020, 11/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Правна поука: Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski
Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2025.06.10 10:24:42 +02'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ

Borche Spasovski
Digitally signed by Borche Spasovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=248755, title=Gradonacalnik, sn=Spasovski, givenName=Borche, cn=Borche Spasovski
Date: 2025.06.10 10:27:08 +02'00'